**20210420624**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 11 став 2 од Законот за државјанството на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/92, 8/04, 98/08, 158/11 и 55/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 февруари 2021 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОСОБЕН НАУЧЕН, ЕКОНОМСКИ, КУЛТУРЕН, СПОРТСКИ ИЛИ ДРУГ НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ЗА СТЕКНУВАЊЕ ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување државјанство на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 9/05 и 161/12 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/19), во член 2 став 1 по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„-врши научно истражувачка дејност и има: научен степен доктор на науки, објавени најмалку шест научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години и учествувал како раководител на најмалку еден домашен или меѓународен научно-истражувачки проект и“.

Член 2

Во член 3 по ставот 4 се додава нов став 5 кој гласи:

„Фондот за иновации и технолошки развој ќе донесе Правилник за спроведување на постапката за утврдување на постоење на особен економски интерес и Трифник за утврдување на надоместокот за спроведување на постапката, а по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија.“

Ставовите 5, 6 и 7 ставуваат ставови 6, 7 и 8.

Член 3

Во член 4 став 1 во алинејата 1, по зборот „уметност“ се додава зборот „литературата,“.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-1547/1
16 февруари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.